ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 20968/2***
***18.12.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXIII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 27.10.2009 со почеток во 12.30 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за договарање и преговарање (делумно присутна);*

- *Лидија Маркузанова раководител на одделението за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Јасмина Смилевска, раководител на одделението за склучување на договори со здравствени установи (делумно присутна);*
- *Стојан Петрески, раководител на одделението за имотно - правно работење (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Беким Сали. Утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LX -та седница на Управниот одбор одржана на 04.09.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXI -та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXII -та седница на Управниот одбор одржана на 23.09.2009 година;*

1. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Продолжување на важењето на договорот за ангажирање на стручно лице (вештак) сообраќаен инженер;*
3. *Барања за дополнителни финансиски средства од јавни здравствени установи;*
4. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
6. *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Барања од областа на работните односи;*
8. *Понуда за купување на објекти во село Дупјачани кои Фондот ги добил со распределба на имотот на стечајниот должник АД Живинарска фарма од Долнени;*
9. *Барања од обврзници за плаќање на придонес против кои Фондот води судски постапки за наплата на долгуваниот придонес;*
10. *Барање за исплата на капитација од ПЗУ Прима Медикус од с. Горно Коњаре - Куманово;*
11. *Барање од д-р Трајанка Трајкоска за поништување на известување за плаќање на договорна казна;*
12. *Барање од Националната федерација на агенциите за привремени вработувања на Македонија;*

*13. Разно.*

*Во врска со записникот од LXII -та седница, предложи тој да се усвои на наредната седница бидејќи беше поделен пред почетокот на оваа седница. Потоа праша дали има други предлози за дневниот ред на седницата.*

*Горан Коевски ги запозна членовите на Управниот одбор дека до него како претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија се упатени две електронски писма. Едното е од здружение на лица кое се залага за заболените од хронична миелоична леукемија, а другото од осигурено лице кое е незадоволно од квалитетот на некои помагала што се добиваат на товар на Фондот. Двете писма ги проследил на останатите членови на Управниот одбор, па побара за нив да се расправа под точката разно.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова побара Управниот одбор да го прошири дневниот ред со разгледување на:*

- *Информација за ребалансот на буџетот на Република Македонија и неговите ефекти врз буџетот на Фондот;*
- *Информација за долговите на јавните здравствени установи со состојба на 30 септември 2009 година;*
- *Предлог за намалување на буџетските плафони на јавните здравствени установи;*
- *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Предлог за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Доколку се прифати овој предлог, точката 3 „Барања за дополнителни финансиски средства од јавни здравствени установи“ би требало да се разгледа заедно со Информацијата за долговите на јавните здравствени установи со состојба на 30 септември 2009 година и Предлогот за намалување на буџетските плафони на јавните здравствени установи.*

*Во врска со точката 2 од предлог дневниот ред, наведе оти смета дека треба да биде насловена „Одлука за продолжување на важењето на договорот за ангажирање на стручно лице (вештак) сообраќаен инженер“.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите, по што едногласно го усвои следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LX -та седница на Управниот одбор одржана на 04.09.2009 година;*
- *Усвојување на записникот од LXI -та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2009 година;*

1. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
2. *Одлука за продолжување на важењето на договорот за ангажирање на стручно лице (вештак) сообраќаен инженер;*
3. *Информација за ребалансот на буџетот на Република Македонија и неговите ефекти врз буџетот на Фондот;*
4. *Информација за долговите на јавните здравствени установи со состојба на 30 септември 2009 година;*
5. *Предлог за намалување на буџетските плафони на јавните здравствени установи;*
6. *Барања за дополнителни финансиски средства од јавни здравствени установи;*
7. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
8. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места;*
9. *Барање од д-р Трајанка Трајкоска за поништување на известување за плаќање на договорна казна;*
10. *Барање за исплата на капитација од ПЗУ Прима Медикус од с. Горно Коњаре - Куманово;*
11. *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
12. *Понуда за купување на објекти во село Дупјачани кои Фондот ги добил со распределба на имотот на стечајниот должник АД Живинарска фарма од Долнени;*
13. *Барања од обврзници за плаќање на придонес против кои Фондот води судски постапки за наплата на долгуваниот придонес*
14. *Барање од Националната федерација на агенциите за привремени вработувања на Македонија;*
15. *Барања од областа на работните односи;*
16. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
17. *Предлог за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
18. *Разно*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LX -та седница на Управниот одбор одржана на 04.09.2009 година*

*Љубиша Каранфиловски побара неговата дискусија во врска со точката 1 - Барање за итно зголемување на годишниот буџет од Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“ Скопје, да се коригира така што на страната 4 делот од реченицата кој гласи „односно просечно за 1.140 извршени здравствени услуги на осигурените лица на годишно ниво кој Фондот ќе го исплати за здравствените услуги на осигурените лица извршени во Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“ Скопје.“ да се брише.*

*Ова оттаму што се работи за очигледна грешка во изготвувањето на записникот при што е внесена реченица која воопшто не била изречена.*

*По внесувањето на оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од LX -та седница на Управниот одбор одржана на 04.09.2009 година.*

- *Усвојување на записникот од LXI -та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LXI -та седница на Управниот одбор одржана на 15.09.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Во врска со оваа точка на дневниот ред, претседателот Беким Сали објасни дека како што им е познато на членовите на Управниот одбор од минатата седница, измена на Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор се предлага заради усогласување со антикризните мерки утврдени од Владата. Во мерките, меѓу другото се препорачува да се утврди намалување на надоместокот на членовите на управните одбори за случаи на нивно отсуство од седниците.*

*Лазар Трајчев додаде дека ова е во доменот на Управниот одбор а стручната служба само даде предлог како намалувањето на надоместокот би можело да се уреди со измена на одлуката.*

*Горан Коевски наведе дека во законот за здравственото осигурување, статутот и деловникот се зборува за неоправдано отсуство од седница и само на тоа се надоврзуваат последици за членовите на Управниот одбор. Меѓутоа, за ценењето на оправданоста на отсуството нема одредби. Покрај тоа, нема одредби со кои би се утврдиле критериуми за итноста на седниците. Деловникот утврдува обврска за претседателот итноста поради која била закажана седницата да ја образложи на следната седница. Од друга страна, познато ни е дека ние често одржуваме итни седници, односно закажани помалку од предвидените седум денови пред денот на седницата. Сите членови на Управниот одбор имаат редовни ангажмани, па во такви услови не е оправдано да бидат санкционирани со намалување на надоместокот кога седниците се закажани како итни.*

*Љубиша каранфиловски се согласи со оваа дискусија и додаде дека членовите на Управниот одбор треба да се мотивирани да присуствуваат на седниците. Заради овозможување на работа во полн состав, и порано беше предлагано да се утврдат редовни термини за одржување на седниците но во врска со тоа не се постигна согласност.*

*Страшо Наумоски пак предложи, ако е тоа потребно заради спроведување на антикризните мерки, Управниот одбор да утврди одреден процент на намалување на надоместокот за отсуство. Ако пак намалувањето се поврзува со неоправдано отсуство, тогаш да побараме од стручната служба да ги*

*разработи механизмите за оценување на оправданоста односно неоправданоста на отсуството.*

*Горан Коевски наведе дека како мерка за обезбедување на присутност би можело да се утврди и известување за отсуството од седницата од стручната служба до субјектот кој го делегирал соодветниот член на Управниот одбор.*

*Љубиша Каранфиловски пак укажа дека ќе поддржи утврдување на механизам за намалување на надоместокот заради отсуство ако тоа се бара со антикризните мерки, но со оглед на висината на надоместоците заштедите би биле минимални а одговорноста е огромна.*

*Потоа, Беким Сали предложи да се утврди мерка со намалување на месечниот надоместок за 10% за секое отсуство од седница. Вакво намалување да се применува ако седницата била закажана навремено, согласно одредбите на деловникот за зработа на Управниот одбор.*

*Останатите членови го прифатија предлогот, со што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

***за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која утврди дека за секое отсуство од седница на Управниот одбор, на отсутниот член ќе му се намалува надоместокот за работа за тој месец за 10%, доколку седницата била закажана во согласност со одредбите на Деловникот за работата на Управниот одбор*

***ТОЧКА 2 -*** *Одлука за продолжување на важењето на договорот за ангажирање на стручно лице (вештак) сообраќаен инженер*

*Лазар Трајчев потсети дека вешто лице сообраќаен вештак е ангажирано со одлука на Управниот одбор заради давање на стручна помош во предметите што се однесуваат на надоместување на штетата настаната со повредување на осигуреници во сообраќајни незгоди. Фондот покренува постапка за надоместување на трошоците за лекување и на надоместокот на плата што го исплатил од одговорното лице кое ја предизвикало повредата, односно од осигурителното друшво каде било осигурено неговото возило. Договорот е склучен на шест месеци, па Управниот одбор треба да одлучи дали ќе го продолжи и за наредниот период. До членовите на Управниот одбор како материјал за седницата е доставен и извештајот изготвен од вештото лице за неговото работење во изминатиот период.*

*Горан Коевски праша колкава е користа од ангажирањето на сообраќајниот вештак.*

*Лазар Трајчев објасни дека придонесот на вештото лице се состои во тоа што по добивање на одговор од осигурителното друштво на предизвикувачот на повредата, во кој наведува колкав дел од барањето на надомест од Фондот признава, ја оценува сообраќајната ситуација во која настанала повредата и дава препорака дали да се продолжи постапката со барање на поголем*

*надоместок. За ваква оценка е потребно стручно знаење кое службите на Фондот го немаат. Кога не би користеле услуги на стручно лице, службите на Фондот би морале да водат судска постапка за непризнаениот дел од барањето. Тогаш неминовно би се воделе и постапки кои би ги изгубиле, а би настанале трошоци за водење на постапката кои ќе треба да ги надомести страната која го загубила спорот. Ангажираното лице ги обработило сите предмети кои му биле дадени од стручната служба а е платено паушално, не по обработен предмет. Во минатото Фондот не ги прибирал средствата кои можел да ги бара по овој основ, па на почетокот осигурителните компании нудеа помали надоместоци. Кога се уверија дека Фондот сериозно им пристапува на ваквите побарувања, надоместокот го добиваме многу полесно. Во иднина очекуваме да имаме се поголем број на предмети од овој вид.*

*Беким Сали праша кој ја контролира работата на вештото лице од аспект на веродостојноста на неговите препораки за понатамошно постапување во одделен предмет.*

*Лазар Трајчев наведе дека нема таков механизам од причина што за да се контролира стручната работа, треба да се ангажира уште еден стручњак кој би ја вршел контролата.*

*Беким Сали додаде дека сепак би било добро да се прави контрола, особено на предметите со поголема вредност. Потоа предложи оваа точка да се разгледува повторно на некоја од наредните седници кога ќе се одлучи и дали е потребно воведување на контролен механизам за работењето на вештото лице. Пред повторно да се стави на дневниот ред, вештото лице да достави дополнет извештај, со податоци за извршената проценка на учеството во настанувањето на штетата на повредениот осигуреник на Фондот во секој одделен предмет, и споредба со проценката на осигурителното друштво.*

*Овој предлог беше едногласно прифатен од останатите членови на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 3 -*** *Информација за ребалансот на буџетот на Република Македонија и неговите ефекти врз буџетот на Фондот*

*Во врска со оваа точка на дневниот ред, директорката Парнарџиева - Змејкова го запозна Управниот одбор дека на седницата одржана на 08.11.2009 година, Собранието на Република Македонија донесе Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година. Со него е намален и буџетот на Фондот, и тоа од 19.252.763.000 на 19.182.485.000 денари. Во однос на расходите на Фондот во наредниот период, наведе дека може да се очекува зголемување на трошоците, и тоа по основ на исплати за лековите кои се на Листата на лекови на товар на Фондот а за кои нема референтни цени, поради зголемените административни трошоци за префрлање на надлежноста за невработените лица од Агенцијата за вработување на Фондот, зголемениот број на осигуреници поради новите категории на осигуреници, зголемените побарувања од јавните здравствени установи поради поголемиот број на извршени здравствени услуги отколку што се платени од Фондот, и друго. Надоместоците на плата за време на отсуство од работа кои паѓаат на товар на Фондот се исплаќаат редовно. Инаку, за потребата од поголем буџет за*

*2010 година се разговараше со Министерството за финансии но укажувањата на сите фактори кои влијаат на намалување на приходите а зголемување на расходите на Фондот не беа уважени и одговорот беше негативен.*

***ТОЧКА 4 -*** *Информација за долговите на јавните здравствени установи со состојба на 30 септември 2009 година*

*Татјана Лукановска објасни дека оваа информација истовремено ќе се однесува и на барањата за дополнителни финансиски средства од јавни здравствени установи која е на дневниот ред како точка 6. Потоа наведе дека состојбата со долговите на јавните здравствени установи е алармантна. Поради неплаќањето на долговите од некои установи, може да се очекува и блокирање на нивните сметки. Голем дел од ставките на страната на расходите кај јавните здравствени установи покажуваат зголемување. Една од нив е ставката на платите. Факт е дека има преработеност а просекот на учеството на платите во надоместокот кој го исплаќа Фондот на јавните здравствени установи е 60%. Сите барања за дополнителни финансиски средства кои се пристигнати до Фондот даваат збир од околу 240 милиони денари. Повеќето од барањата се целосно неосновани, а и за тие кои имаат некаква основаност немаме средства. Во продолжение даде детално објаснување на табелите со приказ на долговите кои се содржани во работниот материјал за оваа точка на дневниот ред. Притоа укажа на парадоксот на акумулирање на долгови кај некои јавни здравствени установи, напоредно со акумулирањето на средства на нивните сметки. Во врска со тоа е изготвен и список на установи кај кои со голема веројатност е проценето дека на крајот на годината ќе им останат средства, а и покрај тоа покажуваат долгови. Предлагаме, целиот тој проценет износ или негов дел да се повлече од нивниот буџет и да се насочи кон други јавни здравствени установи. Потоа го објасни предлогот за буџетот на секоја од овие установи одделно и наведе дека анализите се правени врз основа на податоците за тоа која установа колку средства има, колку би требало да добие до крајот на годината и колку средства и се потребни до завршетокот на годината.*

*Беким Сали, наведе дека кај некои здравствени установи како Св. Еразмо, Клиниката за кардиологија и Психијатриската болница Скопје се планирани средствата за одредени набавки, па праша дали ако ним им се намали буџетот нема да бидат загрозени набавките.*

*Татјана Лукановска одговори дека е водено сметка за тоа, и дека за набавките за кои станува збор, здравствените установи допрва треба да ја започнат постапката. Поради тоа, сметаме дека не би можеле да ја реализираат до крајот на годината.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова додаде дека работењето на здравствените установи нема да биде загрозено и дека постои дилема само дали намалувањето да биде за една или две дванаестинки. Додаде и дека Фондот е купувач на услуги за своите осигуреници а буџетите кои се утврдени во 2009 година на јавните здравствени установи, не се единствено врз основа на тој критериум. Во моментов стоиме пред две можности, првата е да не правиме ништо во 2009 година, а втората е да намалиме средства на оние установи кои имаат повеќе и да прераспоредиме на оние кои имаат недостаток поради огромни долгови, потребни средства за лекови и слично.*

*Беким Сали наведе дека на Управниот одбор му е потребен предлог од стручната служба на Фондот каде да се насочат средствата кои би се ослободиле.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека Фондот е стратешки купувач на здравствени услуги во рамките на буџетот. Освен досегашната применета методологија за утврдување на буџетите на ЈЗУ, за буџетите на јавните здравствени установи би било добро да се направат одредени споредби на здравствени установи со слична големина и сличен буџет од кои едни работат успешно а други создаваат долгови. Одземањето на средства од оние кои добро работат - истото би било дестимулативо за понатамошното нивно добро работење. Се соочуваме и со последица од извршената приватизацијата на ПЗЗ, кое се однесува за Здравствените домови во смисол на нивното финансирање. По приватизацијата на примарното здравство, Здравствените домови многу малку извршуваат дејност од примарната здравствена заштита. Додаде дека освен двете алтернативи за постапување кои ги наведе директорката можна е и трета, а тоа е корекциите да се извршат при кварталната корекција.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова во врска со тоа кажа дека кварталната корекција е на некој начин зголемување и намалување на буџетите во зависност од успешноста на работењето додека ова тоа не е.*

*Татјана Лукановска додаде дека е разгледана состојбата во сите јавни здравствени установи а се издвоени оние кои имаат повеќе средства. Од нив е побарано да дадат проекции за работењето до крајот на годината. Откако ќе ги добиеме податоците ќе може да се изготви анализа.*

*По ова, Беким Сали побара анализата да биде изготвена во најкус рок а седница на Управниот одбор би се одржала следната седмица кога оваа анализа ќе биде земена предвид при одлучувањето за измената на буџетските плафони на јавните здравствени установи, а со ова се согласија и останатите членови на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 5 -** Предлог за намалување на буџетските плафони на јавните здравствени установи*

*Управниот одбор одлучи оваа точка да се разгледува на наредната седница кога ќе биде изготвен предлог за одделните јавни здравствени установи од стручните служби на Фондот.*

***ТОЧКА 6 -** Барања за дополнителни финансиски средства од јавни здравствени установи*

*Барањата за дополнителни финансиски средства од јавни здравствени установи беа разгледани во рамките на точката 4 на дневниот ред.*

***ТОЧКА 7 -** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев на почетокот објасни дека предлог правилникот кој е претходно доставен, се проширува со предлог што се однесува на измени во обрасците за остварување на правата. Со ова дополнување се предлага на осигурените лица да им се рефундираат средствата за лековите односно за вградените стандардни материјали кои би требало да ги обезбеди болницата во која се лакуваат без потреба да обезбедат потврда дека тој лек односно помагало го немало во болницата. Потоа, тие средства би се одбивале од средствата кои Фондот им ги исплаќа на болниците. Ова е заради обезбедување на механизам за заштита на осигурените лица на кои во болниците често им се бара самите да ги набават лековите односно материјалите кои треба да ги има болницата. Исто така се предлага, од бараната документација да се исклучи потврдата за платен придонес за здравствено осигурување, а за тоа дали е платен придонес проверка да вршат службите на Фондот, односно подрачната служба каде се поднесува барањето.*

*Во однос на останатите одредби на предлог правилникот, објасни дека тие се иницирани од Министерството за здравство и на Управниот одбор му се познати кога беа предложени пред неколку седници. Наведе дека осигурените лица кои се третираат со хемодијализа, истата ја остваруваат по правило во местото на живеење, ако за тоа постојат услови, или во најблиската здравствена установа каде што се врши хемодијализа. Ако хемодијализата се врши во здравствена установа надвор од местото на живеење на осигуреното лице, по правило се организира превоз со возило на здравствената установа. Ако во здравствената установа не постојат услови за организиран превоз, на осигуреното лице му се признаваат трошоците според цената на превоз со средства за јавен патен, односно железнички сообраќај. Како проблем се појавува тоа што осигурените лица од руралните средини, каде нема организиран јавен превоз од страна здравствената установа, односно не е постои организиран јавен патнички превоз, не можат да ги остварат патните трошоци на товар на средствата на Фондот. Во овие средини превозот се врши со диви такси - комби превозници, кои не издаваат возни билети, па осигурените лица кон барањето за надомест на патните трошоци не можат да приложат возен билет.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова во врска со рецептот кој се бара за рефундација на средства за лек, укажа дека треба да се најде механизам како да не се бара негово повторно издавање заради приложување кон барањето.*

*Страшо Наумоски во врска со тоа укажа дека честа појава е осигурените лица да бидат упатени самите да ги набават потребните лекови или да ги бараат од матичниот лекар ако се на позитивната листа, иако болницата е должна да ги даде сите лекови потребни за болничкото лекување. Со издавањето на рецептот се намалува и буџетот на лекарот за лекови.*

*Лазар Трајчев наведе дека тоа би можело да се реши со утврдување на образец за потврдување дека некој лек бил издаден наместо да се бара втор рецепт.*

*Беким Сали потоа се осврна на надоместувањето на трошоците за превоз на осигурениците од местата каде нема организиран јавен превоз од страна здравствената установа, односно не е постои организиран јавен патнички превоз. Праша дали надоместувањето на нивните трошоци кога користат хемодијализа може да се пресметува по изминат километар.*

*Лазар Трајчев објасни дека како што е уредено надоместувањето на трошоците за превоз, Фондот не може да признае повеќе од цената на јавниот превоз. Предложи службите на Фондот да направат дополнителна анализа на можните решенија па да доставaт предлог до Управниот одбор.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак објасни како надоместувањето на трошоците за превоз е уредено во Хрватска.*

*По ова, Беким Сали предложи Управниот одбор да го усвои предлогот што се однесува на користењето на здравствената услуга хемодијализа, и за обрасците за остварување на правата од здравственото осигурување. За можноста за поинакво уредување на превозот заради користење на хемодијализа, од местата каде нема организиран јавен превоз од страна здравствената установа, односно не постои организиран јавен патнички превоз, да се расправа откако стручните служби на Фонодот ќе изготват анализа.*

*Останатите членови го прифатија предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*со кој се извршија измени во обрасците за остварување на правата од здравственото осигурување заради поедноставување на остварувањето на правата и се уреди начинот на извршување на превозот, односно надоместувањето на трошоците за превоз при користењето на хемодијализа.*

***ТОЧКА 8 -*** *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурални места*

*Беким Сали во врска со оваа точка побара известување за напредокот во работењето на комисија за утврдување на критериумите за утврдување на оддалечени рурални места од последната седница на Управниот одбор на 23.09.2009 до денес, додавајќи дека потребата за ревидирање на одлуката е неопходна и дека треба да се направи што поскоро.*

*Објаснување даде раководителот на одделението за склучување на договори со здравствени установи и координатор на работењето на комисијата Јасмина Смилевска. Таа наведе дека откако се поделени обврските на членовите на комисијата кои доаѓаат од неколку органи и организации, се чека доставување на бараните податоци. Меѓу нив, и на информацијата за тоа во кои се населени места има амбуланти што треба да ја достави претставникот на Министерството за здравство во комисијата. Без неа не може да се превземат следни чекори за да се работи на утврдување на критериумите и ревидирање на одлуката.*

***ТОЧКА 9 -*** *Барање од д-р Трајанка Трајкоска за поништување на известување за плаќање на договорна казна*

*Објаснување по оваа точка даде Јасмина Смилевска. Таа наведе дека на 14.04.2009 година здравствената установа го известила Фондот дека на 11.02.2009 година стоматолошката асистентка заминува на породилно отсуство, а новата стоматолошка асистентка како замена е вработена на 02.03.2009 година. Со оглед на тоа дека здравствената установа не го известила Фондот во рок од 20 дена за промена во стоматолошкиот тим, сторена е повреда на одредбите од член 26 точка 1 од Договорот, за што е предвидена договорна казна во висина од една месечна капитација ( фиксен дел). Во приговорот ПЗУ Др.Трајанка Трајковска, истакнува дека вработувањето на стоматолошката асистентка е направено во рок предвиден во Договорот, односно на 02.03.2009 во Агенцијата за вработување и Подрачната служба Скопје. Со извршеното пријавување на новата вработената во надлежните институции, смета дека ги испочитувала одредбите од Договорот.*

*Членовите на Управниот одбор, во дискусијата што следеше констатираа дека во работењето на здравствената установа не останал период без комплетен тим, но и дека известувањето за секоја промена е обврска од договорот помеѓу здравствената установа и Фондот. По ова, едногласно одлучија барањето на здравствената установа д-р Трајанка Трајкоска за поништување на известувањето за плаќање на договорна казна да се одбие.*

***ТОЧКА 10 -** Барање за исплата на капитација од ПЗУ Прима Медикус од с. Горно Коњаре - Куманово*

*За ова барање, Јасмина Смилевска наведе дека ПЗУ Прима Медикус од Горно Коњаре - Куманово, не работи во просториите на здравствената установа од 10.12.2008 година кои беа зафатени со пожар. Здравствената дејност Д-р Дафина Крстевска во изминатиот период ја извршувала само на повик во домовите на своите пациенти. Со Наод и мислење од извршено вештачење на Истражен судија во Основниот суд во Куманово, е констатирано дека причина за пожарот е непрописно изграден оџак за што се терети Здравствениот дом како инвеститор. Иако ЈЗУ Здравствен дом Куманово ординацијата ја има издадено под концесија на ПЗУ Прима Медикус, поради недостиг на финансиски средства, здравствениот дом не е во можност да изврши реконструкција на опожарениот објект. Реконструкцијата на просториите со сопствени средства на 28.09.2009 година, започнува да ја врши ПЗУ Прима медикус. За време на реконструкцијата на објектот, здравствената установа продолжила да пружа здравствени услуги во изнајмен објект во село Долно Коњаре, без издадено решение од Министерството за здравство за дозвола за вршење на дејност, простор, опрема и кадар. Поради тоа што не се исполнети критериумите за вршење на дејноста, предвидени во Законот за здраственото осигурување, Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита, како и одредбите од Договорот, Фондот нема законска основа да исплаќа капитација на здравствената установа за 2009 година.*

*Беким Сали и Горан Коевски укажаа дека нема правен основ исплаќање на капитацијата, односно дека ако не постои важечко решение од Министерството за просторот во кој се врши дејноста, договорот помеѓу Фондот и здравствената установа престанува да важи.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да го одбие барањето за исплата на капитација од ПЗУ Прима Медикус од с. Горно Коњаре - Куманово.*

***ТОЧКА 11 -*** *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По оваа точка на дневниот ред, Беким Сали ги запозна членовите на Управниот одбор дека конкурсната комисија за спроведување на конкурсот за именување на директор на Фондот, пред почетокот на седницата на Управниот одбор одржа состанок. На состанокот беа разгледани пристигнатите пријави по конкурсот кој беше објавен на 02.09.2009 година. Последен ден за пријавување беше 17.10.2009, по што комисијата имаше обврска во рок од 15 дена да изготви и до Управниот одбор да достави листа на пријавените кандидати. Извршувајќи ја својата обврска, комисијата достави примерок од записникот од денешниот состанок во кој е содржана листата на четири пријавени кандидати. Обврска на Управниот одбор е оваа листа да ја достави на министерот за здравство кој согласно законот за здравственото осигурување треба до Владата на Република Македонија да достави предлог за именување на директор на Фондот.*

*Управниот одбор ја разгледа листата на пријавени кандидати по што едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Листата на кандидати да се достави на министерот за здравство заради негово постапување согласно законските прописи*

***ТОЧКА 12 -*** *Понуда за купување на објекти во село Дупјачани кои Фондот ги добил со распределба на имотот на стечајниот должник АД Живинарска фарма од Долнени*

*Стојан Петрески објасни дека оваа понуда се однесува на имот кој Фондот го добил во стечајна постапка над АД Живинарска фарма од Долнени. Бидејќи овој имот не се продал по пат на наддавање, истиот е префрлен на доверителите за самите да располагаат со него. Меѓутоа ваквиот план за распределба сеуште не е изгласан од собранието на доверители.*

*По ова, Управниот одбор заклучи дека до одобрувањето на планот за распределба, по оваа понуда не може да се одлучува, па одлучи до тогаш да се симне од дневниот ред.*

***ТОЧКА 13 -*** *Барања од обврзници за плаќање на придонес против кои Фондот води судски постапки за наплата на долгуваниот придонес*

*Стојан Петрески објасни дека до Фондот за разгледување од Управниот одбор се испратени повеќе барања од страна на правни лица – должници по основ на неплатен придонес за задолжително здравствено осигурување против кои Фондот има спроведено постапка за утужување пред надлежните судови и има добиено правосилни судки пресуди кои се доставени до надлежните извршители за извршување на долгот, каматата и трошоците за постапката утврдени со пресудата. Се работи поконкретно за Адвокат Дамески Киро , Еуро 21 од с.*

*Јажинце, Миленковски Иле од Пробиштип, Даут Исмаини од с. Студеничани, Соколски дооел од с. Дихово, Битола, Саше Тренд, димче дооел од Велес. Фондот за здравствено осигурување на Македонија постапува согласно законот за здравствено осигурување при што своите постапките по основ на неплатени придонеси за задолжително осигурување заклучно со 31.08.2008 година ги води пред надлежните судови. За истите подрачните служби на Фондот доставуваат опомена до тужениот во рок од 30 дена да го уплатат долгот по пресудата а доколку тужениот не постапи по опомената пресудата се доставува до надлежниот извршител од подрачјето на судот кој ја донел пресудата со цел досудениот износ во корист на фондот присилно да се изврши.*

*Во поглед на фирмите кои имале мирување согласно Законот за мирување и отпишување на обврските по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување донесен по предлог на Владата на Република Македонија како дел од мерките за справување со светската криза, Решението станува извршно во случај обврзникот за пресметка и уплата на придонеси да не ги пресметува и уплаќа тековните обврски два месеца последователно, и надлежниот орган поведува постапка за наплата на долгот кој мирува, односно постапува како во случајот со правосилна и извршна пресуда или го опоменува должникот доброволно да го плати придонесот во рок од 30 дена. Доколку тој не го стори тоа, пристапува кон давање на извршната исправа до надлежниот извршител со цел да се изврши присилна наплата. Ниту во Законот за здравствено осигурување, ниту во Законот за мирување и отпишување на обврските по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување не постојат одредби кои предвидуваат одложено плаќање на заостанат долг по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување или можност за повлекување од дадените барања од извршител со цел да се овозможи плаќање на рати на долговите или нивно репрограмирање.*

*Сите горенаведени субјекти кои имаат поднесено барање до Управниот одбор ги наведуваат истите причини за нередовното плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување а тоа се тешката финансиска и здравствена состојба што некој од нив го поткрепуваат со дополнителна документација.*

*По објаснувањето, Управниот одбор одлучи да ги одбие барања како неосновани.*

***ТОЧКА 14 -*** *Барање од Националната федерација на агенциите за привремени вработувања на Македонија*

*Стојан Петрески по оваа точка објасни дека Националната федерација на агенциите за привремени вработувања на Македонија бара Фондот да издава потврди за платен придонес за вработените во агенциите за привремени вработувања кои вршат работи во одделни органи и организации, истовремено со издавањето за вработените во тие органи и организации. Меѓутоа, според законот секоја одделна агенција има статус на работодавач, па Фондот може да издаде потврди за платен придонес за нејзите вработени кога таа агенција ќе го плати придонесот за нив.*

*Горан Коевски праша кој е исплатувач на плата за работниците кои од одделна агенција се упатени на работа на друго место, а Стојан Петрески одговори дека тоа е агенцијата.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно одлучи да се одбие барањето на Националната федерација на агенциите за привремени вработувања на Македонија од причина што потврди за платен придонес се издаваат само кога работодавачот во целост ќе го плати придонесот за сите свои вработени.*

***ТОЧКА 15 -*** *Барања од областа на работните односи*

*Објаснување по оваа точка даде Лидија Маркузанова. Најпрвин се осврна на приговорите на Михајло Костовски и Ирена Поповска. Наведе дека тие се казнети заради направена грешка во решението за лекување во странство, во кое како причина за донесување на негативно решение се наведува тоа што лекувањето е извршено во амбулантски услови. На оваа грешка и беше дадено значајно медиумско внимание, и се искористи за да се претстави дека службите на Фондот работат небрежно. Бидејќи сметаше дека со тоа е дискредитиран угледот на Фондот, директорот за тоа им изрече казна со намалување на платата за 15% во тек на еден месец. Едниот е казнет како изготвувач на решението а другиот како раководно лице кое требало при проверката да ја забележи грешката.*

*Беким Сали укажа дека во решението со кое се изрекува казна не е наведено дека таа е заради нарушување на угледот на Фондот. Според него, направената грешка не била суштинска, односно не значела признавање на право кога нема услови за тоа, или обратно, непризнавање кога треба да се признае.*

*Љубиша Каранфиловски додаде дека не била ниту предизвикана материјална штета на Фондот или на осигуреното лице. Најверојатно, поради незадоволство на осигуреното лице од негативното решение, тоа преку медиумите се обидело да го прикаже работењето на Фондот како несериозно. Меѓутоа, факт е дека не се работи за сериозна грешка, и за тоа не би требало да бидат казнети.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да ги прифати приговорите на Михајло Костовски и Ирена Поповска, а решенијата со кои им е изречена казна да се поништат.*

*Потоа Лидија Маркузанова се осврна на приговорот на Прокоп Бајалцалиев, вработен во Подрачната служба Гевгелија. Објасни дека во таа подрачна служба била извршена управна инспекција во која се констатирани низа неправилности во работењето. Од Управниот инспекторат на Фондот му е укажано на тоа и е побарано да се превземат мерки. По ова, комисија од Фондот ја посетила подрачната служба и ги лоцирала работните места и извршителите на чие постапување е укажано од Управната инспекција. Потоа на повеќе вработени им е изречена казна со намалување на платата во одреден период.*

*По објаснувањето и кусата дискусија, Управниот одбор едногласно одлучи приговорот на Прокоп Бајалцалиев да го одбие.*

***ТОЧКА 16 -*** *Разно*

*Под точката разно, Горан Коевски ги запозна останатите членови на Управниот одбор дека до него како претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија се упатени по електронски пат барања од здружение на лица кое се залага за заболените од хронична миелоична леукемија, и од осигурено лице кое е незадоволно од квалитетот на некои помагала што се добиваат на товар на Фондот. Побара во врска со нив стручната служба за нив да изготви мислење за Управниот одбор и одговор за нивните подносители.*

*По ова, Управниот одбор во 17.00 часот заврши со работата на LXIII-та седница а точките „Одлука за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија" и „Предлог за изменување и дополнување на планот за јавни набавки во 2009 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија" кои беа утврдени како точка 16 и точка 17 на дневниот ред одлучи да ги разгледува на наредната седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Беким Сали***